# Промоција на публикацијата "Политички консензус за економската иднина на Република Македонија"

"*Научно дело од редок формат*" – д-р Сашо Арсов
"*Многу корисен труд*" – Стојан Андов
"*Редок феномен во македонската научно-истражувачка мисла*" – проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова



На 24ти октомври во просториите на салата на Советот на град Скопје се одржа промоција на публикацијата "Политички консензус за економската иднина на Република Македонија" од авторите д-р Марјан Николов, д-р Борче Треновски, м-р Христијан Ристески и Љубица Ристовска. Промотори а воедно и рецензенти беа господинот Стојан Андов и проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова, додека модератор беше д-р Сашо Арсов.
Модераторот Арсов во својот вовед публикацијата ја претстави како "научно дело од редок формат" поради аналитичкиот пристап кон гледиштата на различните политички партии за економските прашања и нивните залагања и резултати. Во тој смисол се анализира што партиите најавуваат а што реализираат и идентификуфа каде има разидувања а каде консензус.

Прв свое излагање имаше господинот Стојан Андов. Во книгата тој гледа соодветно прилагодување кон нашите околности на светските прашања поврзани со сиромаштијата и растот како мерило на напредокот. Во однос на постоењето на политички консензус за важни економски прашања, мислењето беше дека во Македонија фактички нема консензус, потенцирајќи дека "и по тие прашања на кои има навидум програмски консензуз, политичка активност во вид на консензус не постои и во Македонија ние мораме да признаеме дека не си ја знаеме економската иднина". Според него поставување на прашањата за факторите на растот и потребата од

воведување на индекс за одржување на економската благосостојба се успешно направени. Но, идентификувајки способен тим, господин Андов даде неколку сугестии за идни истражувања кои би биле од корист за македонската економија. Тој повика на правење на покомплетен увид на ресурсите со кои располага Македонија во различни области, како и да се испита кои се резултатите во Македонија дене после 2 децении транзиција во споредба со почетната состојба во која се наоѓала, поточно што се случувало со капиталот во овој период. Втора област што господин Андов ја потенцираше се човечките ресурси, и поконкретно за Македонија проблемот со невработеноста и иселувањето на работоспособното население. Трето прашање кое го потенцираше како многу важно се природните ресурси, односно колку успешно Македонија менаџира со тоа што го дава природата. За таа цел, тој предложи правање на објективно евидентирање на состојбата кое би било ослободено од нечии интереси, да се најдат слични примери и да се санираат последиците.
Публикацијата ја гледа како многу корисен труд којшто може да придонесе кон појасно и пообјективно разбирање на ситуацијата и градењето на нашата иднина.
За ЦЕА господинот Андов изјави дека спаѓа во ретките институции во Македонија кои држат чекор со современите текови и теми, паралелно со врвните во светот.

Второто излагање беше од професорката на Правниот факултет Јустинијан Први во Скопје д-р Гордана Сиљановска-Давкова. Во воведот од нејзинотот обраќање таа изрази жалење за малата посетеност на промоцијата, потенцирајќи дека прашањето истражувано во публикацијата држи. Зборувајќи за интердисциплинарниот пристап применет во ова истражување професорката потенцираше дека ЦЕА како институција се издвојува од многу други кои се занимаваат со истата проблематика. Во своето објаснување за неопходноста од еден ваков пристап и потрагата по политички консензуз таа изјави дека дебатата и консензусот во многу општествени области е неопходна затоа што на тој начин успешно би се креирале политики (економска, социјална...) а не политика како борба за власт.
Трката за власт е врзана за посегање по вредностите во општеството а повисокиот политички статус води до полесно посегање по нив. Поврзано со ова професорката го посочи и постоењето на таканаречените catch-all партии, кои немаат своја идеологија односно ги употребуваат идеологиите што им носат повеќе гласачи. Примарна цел на ваквите партии, според професорката, не се толку различните општествени предизвици со кои се соочуваат туку прагматичноста на партиите, а Македонија не е исклучок.

Имајќи ја во предвид сериозноста на прашањата со кои се соочуваме, важноста на улогата која ја имаат лидерите во креирањето на стратегии е голема. Посебно кога говориме за стратегија за економски развој. Поради тоа консензусот за економската иднина е неопходен.

Меѓутоа професорката потенцираше дека постои очигледен недостаток на дебата во сите сфери во оваа земја. Поради тоа таа во оваа публикација гледа маркирање на коридорите на македонската економија и основа за можна платформа за консензус.

Осврнувајќи се на креирањето на јавни политики, проф. Сиљановкса-Давкова укажа на потребата од вклучување на сите кои имаат знаење од соодветните области, но и евалуација и мониторинг од некој кој е независен. Како посебно штетни беа оценети процесите на раслојување на македонското општество, со континуиран раст на јазот меѓу богатите и сиромашните и средна класа која се брише; и неуспешната децентрализација која за Македонија е уште повеќе важна поради нејзината улога во меѓуетничките односи.

На крај проф. Сиљановска-Давкова, конкретно за публикацијата изјави дека "…навистина има сериозна анализа на транзициските индикатори на македонскиот прогрес и ги идентификува областите на долгорочен консензус…" и дека "... е вреден влог во градењето на консензусот за клучните прашања на економскиот развој на Република Македонија".

Последен свое обраќање имаше претседателот на ЦЕА, д-р Марјан Николов кој е еден од авторите на оваа публикација. Тој изрази благодарност до тимот одговорен за ова истражување, спонзорот тинк тенк Фондот на Институтот Отворено Општество од Будимпешта како и промоторите и рецензенти Стојан Андов, д-р Гордана Сиљановска-Давкова, д-р Горан Петрески и модераторот д-р Сашо Арсов. Со оваа публикација ЦЕА не ја завршува својата работа за консензус за економската иднина. Планира директни разговори со партиски лидери, земјоделци, стопански комори, синдикати, итн. со цел да се идентификува и помогне создавањето на платформа за консензус барем за неколку заеднички цели за економската иднина на Република Македонија. Во овие понатамошни истражувања би можеле да бидат вклучени корисните сугестии кои беа дадени од страна на промоторите, за да се истражи физичкиот и човечкиот капитал имајќи ги во предвид транзицијата и иселувањето на работоспособното население.